РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 23 -03- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-431/1 | | | |

До Општина Битола

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

__________________ лице за контакт __________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
претседателка на здружението,

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животната средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
2. Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
3. Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животната средина. Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело.
4. Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во Скопје, 21.03.2023 година**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Валентина Кривашија
Раководител на одделение за урбанистичко
планирање и заштита на животната средина

Бр.11-43/2
24.03.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-43/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 27-03-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-4313 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Сл-31
14.03.2023 год.
Битола

До
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на информации од јавен карактер

Во врска со Барање од информации од јавен карактер испратено до Општина Битола од страна на Македонското здружение на млади правници ул.Донбас бр.14/1-6, 1000 Скопје, Ве информираме дека Општина Битола секоја година носи Програма за животна средина и истата се наоѓа на официјаната стана на општината.
Исто така Ве информираме дека после добивањето на Согласности од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство, Советот на Општина Битола ќе го донесе Планот за квалитет на амбиенталниот воздух 2023-2028 година со што ќе започне негова имплементација.
Во периодот 2016-2023 година Општина Битола има донесено ЛЕАП со плански период од 2016-2021 година, додека изработката на ЛЕАП со плански период 2023-2028 година е во постапка согласно Програмата за животна средина и обезбедените финансиски средства.
Откако ќе биде изработен следи негово донесување од страна на Советот и имплементација.
Што се однесува на претходниот ЛЕАП 2016-2021 година, Ве информираме дека општината немаше формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: м-р Валентина А. Кривашија диа

Раководител на Сектор
м-р Тони Јовановски дги

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-43/4
27.03.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **23.03.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од I ı, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Локални акциони планови за животната средина во периодот од 2016 до 2023 година. Прашање бр.2 Измени на локалните акциони планови за животна средина во периодот од 2016 до 2023 година. Прашање бр.3 Информација дали оптината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина. Прашање бр.4 Едногодишни извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина во периодот од 2016 до 2023 година. **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на , имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-43/1
2. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр.11-43/2 од 24.03.2023
3. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр.11-43/3 од 27.03.2023

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 27.03.2023 година, под бр. 11-43/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**